# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО


| | | |
|---|---|---|
| **„Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска** | **Година LXVIII Број 8 Куманово 11 мај 2023 г.** | **Претплата за 2023 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939** |


**206.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање согласност за ангажирање на 7 (седум) извршители во ЈП „Пазаришта“ – Куманово преку агенција за привремени вработувања**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за ангажирање на 7 (седум) извршители во ЈП „Пазаришта“ – Куманово преку агенција за привремени вработувања, Бр. 09 - 3893/6, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 мај 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4172/1
11 мај 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**207.**

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 2, став 8, 12 и 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 10 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за ангажирање на 7 (седум) извршители во ЈП „Пазаришта“ – Куманово преку агенција за привремени вработувања**

Член 1

Се дава согласност на Барањето бр. 02 - 239 од 28.04.2023 година на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за ангажирање на 7 (седум) извршители преку агенција за привремени вработувања.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 3893/6
10 мај 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**208.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за измена на режим на сообраќај на улица „Страшко Симонов” и приклучни улици во Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за измена на режим на сообраќај на улица „Страшко Симонов” и приклучни улици во Општина Куманово, Бр. 09 - 3893/12, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 мај 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4178/1
11 мај 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**209.**

Врз основа на член 7 став 1 и став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ“ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 10 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на режим на сообраќај на улица „Страшко Симонов” и приклучни улици во Општина Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на режим на сообраќај на улица „Страшко Симонов” и приклучни улици во Општина Куманово.

Член 2

Измената на режимот на сообраќај се состои во следното:

- Се менува режимот на сообраќај на улица „Страшко Симонов” од еднонасочен режим на сообраќај во правец од улица „3та Македонска Ударна Бригада” кон улица „Благој Илиевски - Гуне”, во двонасочен сообраќај по должина на целата улица „Страшко Симонов”, врз основа на Сообраќаен проект со тех.бр. 19/23 од 03.2023 год. од изготвувач на проектна документација ДППИ „Простор” ДОО Куманово, со седиште на ул. „Моша Пијаде“ бр.2, Куманово, проектант на фаза Сообраќај – Овластен проектант д.с.и. Живко Марковски со овластување бр.5.0039 со важност до 14.04.2026 год. и Согласност за утврдување на измена

на режимот на сообраќај од страна на МВР - СВР Куманово со постапка за согласност бр. 22.24.5-4228/2 од 12.04.2023 год.

- Со воспоставување на двонасочен сообраќај по целата должина на улица „Страшко Симонов" задолжително се менува вертикална и хоризонтална сигнализација на приклучните улици кон улица „Страшко Симонов", согласно Сообраќаен проект со тех.бр. 19/23 од 03.2023 год. од изготвувач на проектна документација ДППИ „Простор" ДОО Куманово.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се: Сообраќаен проект со тех.бр. 19/23 од 03.2023 год. од изготвувач на проектна документација ДППИ „Простор" ДОО Куманово, со седиште на ул. „Моша Пијаде" бр.2, Куманово, проектант на фаза Сообраќај – Овластен проектант д.с.и. Живко Марковски со овластување бр.5.0039 со важност до 14.04.2026 год. и Согласност од МВР - СВР Куманово со бр. 22.24.5-4228/2 од 12.04.2023 год. на проектна документација која содржи Основен сообраќаен проект.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 3893/12 Совет на Општина Куманово
10 мај 2023 година Претседател,
Куманово **Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**210.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Куманово за измирување, односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Куманово за измирување, односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Куманово, Бр. 09 - 3893/13, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 мај 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-4180/1 Градоначалник
11 мај 2023 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**211.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 25 став 1 точка 41 и член 68 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општината Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), а во врска со член 17 став 5 и 6 од Законот за јавен долг (,,Службен весник на РМ" бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и ,,Службен весник на РСМ" бр. 98/19 и 151/21), Советот на Општина Куманово, на 24-тата седница одржана на 10 мај 2023 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање на согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Куманово за измирување, односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Куманово

Член 1

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Куманово за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Куманово, во износ на искористените средства од Договорот за грант, согласно Договорот за финансирање **Serapis број 2008-0446** помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект „Водоснабдување и одведување на отпадни води"-,,Реконструкција на водоводна мрежа за дел од улица Никола Тесла-фаза I, Општина Куманово, а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кој Европска инвестициона банка по Договор за заем по Проект „Водоснабдување и одведување на отпадни води-Реконструкција на водоводна мрежа за дел од улица Никола Тесла- фаза I, Општина Куманово (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.83/10) и Одлука за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води-Реконструкција на водоводна мрежа за дел од улица Никола Тесла-фаза I, Општина Куманово (,,Службен весник на РСМ" бр.29/19, 277/19 и 286/21) помеѓу Општина Куманово и Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Куманово да изврши измирување на средства од буџетската сметка на Општината, во износ на искористените средства од Договорот за грант, односно наплатата на средства да ја изврши Министерство за финансии на Република Северна Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Куманово до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и ,,Службен весник РСМ" бр.98/19 и 151/21).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Куманово".

Бр.09 – 3893/13  
10 мај 2023 година  
Куманово

Совет на Општина Куманово  
Претседател,  
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**212.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

# Заклучок
## за објавување на Одлука за давање на согласност за управување на времено автобуско стојалиште на КП бр. 14298/2 и 14298/7, КО Куманово

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за управување на времено автобуско стојалиште на КП бр. 14298/2 и 14298/7, КО Куманово, Бр. 09 - 3893/14, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 мај 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4181/1
11 мај 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**213.**

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19 и 67/22), член 22 став 1 точка 4 и член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и Одлуката за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 17/21, 3/22 и 4/23) Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 10 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за управување на времено автобуско стојалиште на КП бр. 14298/2 и 14298/7, КО Куманово**

Член 1

Се дава согласност на Градоначалникот на Општина Куманово да склучи Договор со правни лица кои имаат Дозвола за општински линиски превоз на патници со кој ќе се регулира начин на управување на времено автобуско стојалиште и просторот околу него за општински линиски превоз на патници на КП бр.14298/2 и 14298/7, КО Куманово, за времетраење на вршење на истиот превоз, односно до 31.12.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Сообраќаен проект за времена измена на режим на сообраќај, тех.бр.27/23 од 03.2023 год. изработен од ДППИ „ПРОСТОР“ ДОО Куманово и согласност за измена на режим на сообраќај, бр.22.24.5-4495/2 од 24.04.2023 година од МВР на РСМ – СВР Куманово.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 3893/14
10 мај 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**214.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар – сопственост на Општина Куманово на Јавно претпријатие „Куманово – паркинг“ - Куманово**

1. Се објавува Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар – сопственост на Општина Куманово на Јавно претпријатие „Куманово – паркинг“ - Куманово, Бр. 09 - 3893/15, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 мај 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4179/1
11 мај 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**215.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 10 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар – сопственост на Општина Куманово на Јавно претпријатие ,,Куманово - паркинг“ - Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука на досегашниот корисник Јавно претпријатие ,,Куманово - паркинг“ – Куманово му престанува користењето на движната ствар-специјално моторно возило наменето за подигање на возила сопственост на Општина Куманово, марка IVECO со регистарски број KU 6406 AG и идентификациски број на мотор 1011946179.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа Одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавно претпријатие ,,Куманово - паркинг“ – Куманово.

Член 3

Правата и обврските помеѓу Општина Куманово и Јавно претпријатие ,,Куманово - паркинг“ – Куманово ќе бидат уредени со посебен договор.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за давање на користење на движна ствар – сопственост на Општина Куманово на Јавно претпријатие ,,Куманово - паркинг“ – Куманово, бр. 09 – 6817/79 од 31 август 2022 година („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 10/22).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 3893/15
10 мај 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**216.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Куманово за 2023 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Куманово за 2023 година, Бр. 09 - 3893/17, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 мај 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4184/1
11 мај 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**217.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), одредби на Колективен договор за вработени во Општина Куманово бр.04-6857/1 од 30.10.2020 година, и Колективен договор за измена и дополнување на Колективен договор за вработени во Општина Куманово бр.04-7439/1 од 20.09.2022 година, член 25 ,став 1, точка 4 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр.13/03, 13/07, 08/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на 24-та седница одржана на 10-ти мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Куманово за 2023 година**

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Куманово за 2023 година бр.09-10277/22 од 27.12.2022 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр.16/22), во членот 9, став 1, точката 1 се менува и гласи:

,,Коефициентот за утврдување на плата на избрани и именувани лица Градоначалник се определува според број на жители и за општина Куманово изнесува 3,40, а вредноста на коефициентот за плата на избрани и именувани лица во РСМ е просечна исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходна година, според официјални податоци објавени од страна на Државен завод за статистика".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Куманово", а ќе се применува од 23.03.2023 година.

Бр.09 – 3893/17
10 мај 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**218.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за исплата на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година**

1. Се објавува Одлуката за исплата на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година, Бр. 09 - 3893/18, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 мај 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4185/1
11 мај 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**219.**

Врз основа на член 68 од Статутот на Општина Куманово и член 21 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Куманово за 2023 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 16/22), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 10 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за исплата на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година**

Член 1

Од средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2023 година, од Програмата АОО – Совет на Општина Куманово, ставката 413 – Тековни резерви (разновидни расходи), да се исплати еднократна парична помош, поради настаната штета од пожар на дел од семејна куќа и на кровната конструкција на истата, на :

- Ана Периш од Куманово, со стан на ул. „Лесковачка“ бр. 5, во износ од 30.000 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 3893/18
10 мај 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**220.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за разрешување и именување на членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Куманово, Бр.

09 - 3893/19, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 мај 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4186/1
11 мај 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**221.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 25 став 1, точка 40 и член 68 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), а во врска со члeновите 158 и 159 од Законот за правда на децата („Службен весник на РМ“ бр. 148/13 и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и 275/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 10 мај 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Куманово**

Член 1

Се разрешуваат следниве членови на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Куманово:

- Елена Јаќимовиќ, претседател на Советот на родители при ООУ „Крсте Мисирков“ - Куманово,
- Љатиф Мустафи, член на Советот на родители при ООУ „Јероним Де Рада“ с. Черкези - Куманово,
- Милена Димковиќ, член на Советот на родители при ООУ „Браќа Рибар“ с. Табановце - Куманово,
- Игор Цветанов, член на Советот на родители при ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово,
- Бранко Зафировски, претседател на Советот на родители при ООУ „Кочо Рацин“ – Куманово,
- Габриела Петковска, член на Советот на родители при ООУ „Карпош” с. Умин Дол - Куманово,
- Бесник Сулејмани, член на Советот на родители при ООУ „Битолски конгрес“ с. Лопате – Куманово,
- Сашо Стојановски, член на Советот на родители при ДСУ „Киро Бурназ“ – Куманово,
- Драги Јовановски, самостоен јавнообвинителски советник при Основното јавно обвинителство Куманово.

Член 2

За членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Куманово, се именуваат:

- Катарина Величковска, член на Советот на родители при ООУ „Крсте Мисирков“ - Куманово,
- Самет Фазлији, член на Советот на родители при ООУ „Јероним Де Рада“ с. Черкези - Куманово,

- Кристина Манасиевска, член на Советот на родители при ООУ „Браќа Рибар“ с. Табановце - Куманово,
- Маријана Трпковска, член на Советот на родители при ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово,
- Андријана Илијевска, член на Советот на родители при ООУ „Кочо Рацин“ – Куманово,
- Фросина Арсовска, член на Советот на родители при ООУ „Карпош” с. Умин Дол - Куманово,
- Фати Џемаили, член на Советот на родители при ООУ „Битолски конгрес“ с. Лопате – Куманово,
- Анкица Тасевска, член на Советот на родители при ДСУ „Киро Бурназ“ – Куманово,
- Хекуран Азири, стручен соработник при Основното јавно обвинителство Куманово.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 3893/19
10 мај 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**222.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Измена и дополнување на Планот на програми за развој на Општина Куманово за 2023 година**

1. Се објавува Измената и дополнувањето на Планот на програми за развој на Општина Куманово за 2023 година, Бр. 09 - 3893/11, што Советот на Општина Куманово ги донесе на седницата одржана на 10 мај 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4177/1
11 мај 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**223.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 25 став 1 точка 1 и член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 10 мај 2023 година, донесе

## *ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ*
## *на Планот на програми за развој на Општина Куманово за 2023 година*

I.Во Планот на програми за развој на Општина Куманово за 2023 година („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 15/22 и 7/23) се вршат следните измени и дополнувања :

Во табелата со наслов **Л. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТИ, СПОРТСКИ САЛИ, ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ И ГРАДСКИ БАЗЕН**
Во табела под реден број 8 Набавка,транспорт и вградување на топловодни пумпи за загревање на затворен Градски базен, износот во колоната вкупна цена (со ддв18%) и износот во колона за 2023 год. од 5.000.000,00 се зголемува за 600.000,00 ден. и се заменува со износот 5.600.000,00 ден.
Во табела под реден број 9 Набавка,транспорт и поставување на фотоволтаици на Градски базен, износот во колоната вкупна цена (со ддв18%) и износот во колона за 2023 год. од 3.000.000,00 се намалува за 600.000,00 ден. и се заменува со износот 2.400.000,00 ден.

| **Л. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТИ,СПОРТСКИ САЛИ, ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ И ГРАДСКИ БАЗЕН** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Набавка,транспорт и вградување на топловодни пумпи за загревање на затворен Градски базен | | | 5.600.000,00 | | 5.600.000,00 | | |
| 9 | Набавка,транспорт и поставување на фотоволтаици на Градски базен | | | 2.400.000,00 | | 2.400.000,00 | | |

II. Оваа Измена и дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Куманово‘‘.

Бр. 09 – 3893/11
10 мај 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**224.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Куманово – паркинг“ – Куманово за давање во закуп на комунална опрема – шанк**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката на ЈП „Куманово – паркинг“ – Куманово за давање во закуп на комунална опрема – шанк, Бр. 09 - 3893/8, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 10 мај 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4174/1
11 мај 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**225.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 25 став 1 точка 41 и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 10 мај 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката на ЈП „Куманово – паркинг“ – Куманово за давање во закуп на комунална опрема – шанк**

1. Се дава согласност на Одлуката на ЈП „Куманово – паркинг“ – Куманово за давање во закуп на комунална опрема – шанк, Бр. 02 – 397/8, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 03.05.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Куманово".

Бр. 09 – 3893/8
10 мај 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**226.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19, 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“ Куманово**

1. Вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“ Куманово, Филип Колевски, престанува поради истек на периодот за кој е именуван;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.УП1 08-6850 од 27.10.2022 година;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.УП1 08-6850 од 27.10.2022 година, Филип Колевски беше именуван за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“ Куманово, за период до шест месеци од денот на именување. Согласно наведените одредби за надлежностите на Градоначалник на Општина утврдени во Законот за основно образование, Градоначалник на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08- 6850/2022
27 април 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**227.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ Куманово**

